**ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје**
**Данела Арсовска**

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за образование**

**ПРЕТСТАВНИК: Маја Талеска**
**Пом. раководител на**
**Сектор за образование**

# ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА
**за активностите на Град Скопје од областа на средното образование**
**во 2022 година**

Скопје, февруари 2022 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), Советот на Град Скопје на ______________седница одржана на __________ 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2022 година**

## I . ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата за активностите во областа на средното образование е да предложи активности и задачи преку кои ќе се имплементираат надлежностите на Градот Скопје во оваа сфера и ќе се зацврсти неговата улога во креирањето и спроведувањето на образовни политики во согласност со локалните потреби и визии за развој на средното образование. Оваа програма има за цел да воведе родов пристап во областа на средното образование.

## II. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти и активности кои ќе се преземат за остварување на утврдените цели во областа на образованието во текот на 2022 година. Во неа се опишани начините за остварување на приоритетните цели, потребата од нивно реализирање и потребните финансиски средства. Со оваа програма се унапредува родовата рамноправност.

## III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Градот Скопје, во областа на средното образование да биде насочен кон остварување на четири приоритетни цели:

- **Модернизирање на воспитно-образовниот процес во средните училишта**
- **Ефективно управување со училишните буџети**
- **Подобрување на безбедноста и инфраструктурните состојби на училишните објекти**
- **Креирање на вонnаставни процеси и активности кои придонесуваат за добросостојбата на членовите на училишната заедница преку преземање активности за:**
  - **унапредување на дигиталната писменост на наставниците**
  - **справување со училишното насилство и креирање безбедни училишни средини**
  - **едукација и промоција на здрави животни стилови кај младите во контекст на актуелните здравствени предизвици**
  - **унапредување на животната средина**

- **истражувања и промоција на родовата рамноправност, ученичките права, слободи и развој на креативноста**
- **поддршка на кариерниот развој на учниците**
- **промоција на училишните постигнувања пред поширокатa јавност**
- **почитување на различностите и унапредување на инклузивноста на образовниот процес**
- **унапредување на меѓуетничката интеграција и младинскиот активизам**
- **поддршка во организирање и учество во натпревари.**

Прв приоритет:

| **Модернизирање на воспитно-образовниот процес во средните училишта** |
|---|

Континуираното осовременување на воспитно-образовниот процес на средните училишта во услови на пандемија се наметнува како најважен предизвик во 2022 година во сферата на образованието. Оттука Градот Скопје во соработка со училиштата ќе преземе низа активности приоритетно насочени кон поддршка и мотивација на наставниот кадар за непречено изведување на класичната настава, но и на ефективна on-line настава преку обезбедување стручна помош, обуки и соодветна IT опрема. Во таа носока се предвидува да се ангажираат стручни лица и експертски организации кои ќе помогнат во унапредувањето на дигителната писменост на сите членови на училишните заедници, ќе се организраат натпревари за дигитални вештини и знаења, форуми и дебати за модернизирање на наставниот процес и разни форми на наградување за наставници и ученици. Паралелно ќе се спроведат хуманитарни акции за набавка на допоолнителна IT-опрема во соработка со бизнис заедницата, меѓународни фондации и домашни организации за потребите на училиштата.

*За овој сет мерки средствата ќе бидат обезбедувани од Н2 програмата на Буџетот на Градот Скопје и од Буџетите на блок-дотациите и донациите за училиштата.*

За оставрување на овој прв приоритет ќе биде преземени и следниве традиционални активности и мерки:

✔ Креирање на предлог-план за упис на ученици во прва година во средните училишта на Градот Скопје во соработка со стручни тимови на училиштата кој ќе обезбеди поголем опфат на ученици од основното образование, зголемено учество на ученички во техничките струки и полесен пристап до средното образование и информираност на ученичките Ромки.

- овој предлог-план ќе се базира на проценка на образовните потреби на девојчињата и момчињата, на истражувања и информирање за трендови на сегрегација и родов дисбаланс во професиите, на работилници за разбивање на стереотипите во однос на професиите, на упатства за регрутирање на нови кадри со позитивна дискриминација на помалку застапениот род, надминување на родовиот јаз во техничките науки и на статистички податоци за актуелните состојби на пазарот на трудот;

- ✔ организирање и спроведување на бесплатниот ученички превоз за сите ученици во средните училишта на Град Скопје  за следење на редовната настава, за реализација на практичнита настава и вежби и за вонанставните активности;
- ✔ иницирање постапки за верификација на нови струки/профили и модуларни програми за доквалификација на кадри во согласност со барањата на пазарот на трудот и на високото образование и според потребите и интересите на ученичките и учениците.

1. **Изготвување предлог-план за упис на ученици во прва година во средните училишта и прием на ученици во ученичките домови, врз основа на активности за унапредување на информираноста на потенцијалните средношколци за струки и профили стереотипно родово дефинирани**

Согласно измените и дополнувањата во Законот за средно образование („Сл.весник  на Р.Македонија " број 49/2007 година), средното образование со почетокот на учебната 2008/2009 година е задожително и под еднакви услови достапно за секој граѓанин. Истовремено средното образование во јавните училишта е бесплатно, а општините се одговорни за обезбедување пристап и целосна опфатеност на учениците кои завршуваат основно образование.

Градот Скопје и во текот на 2022 година ќе ја продолжи политиката за создавање услови за максимален опфат на сите завршени деветоодделенци од подрачјето на градот Скопје и можност за вклучување на заинтересираните ученици кои завршуваат основно образование надвор од подрачјето на градот. Истовремено, со Предлог - планот на Градот Скопје за запишување ученици во средните училишта ќе се настојува, пред сѐ, да се исполнат специфичните барања за упис на учениците и на ученичките, како и да се задоволат потребите на пазарот на трудот и на пазарот на образовните услуги.

Процесот на изготвување Предлог-план за упис на ученици во прва година во средните училишта и ученички домови опфаќа повеќе аналитички и истражувачки постапки како што се:

- активности за промоција на средните училишта пред основците, со кои ќе се презентираат програмите на училиштата во родово неутрален контекст;
- проценка на физичките и кадровски капацитети на училиштата и ученичките домови и на нивната опременост;
- анализа на можностите за реорганизирање на мрежата на училишта во надлежност на Градот Скопје;
- собирање податоци, анализа и дополнување на предлозите на училиштата за запишување ученици во прва година, а со цел спречување на сегрегација на родова основа и рушење на родовите стереотипи при избор на идните професии;
- собирање на релевантни информации кои ги детектираат причините за одлив на ученичките Ромки од средното образование;

- анализа на потребата за воведување нови струки и профили во средните училишта;
- анализа на податоци за потребата од кадри на пазарот на трудот и поддршка на училиштата во планирање на дуални паралелки во соработка со компаниите и социјалните партнери;
- изготвување ранг-листа на најбарани занимања и профили на пазарот на трудот;
- собирање податоци за бројот на деветоодделенци кои завршуваат во основните училишта на подрачјето и во регионот на градот Скопје, како и за проектираниот број на потенцијални ученици од другите општини во земјата;
- соработка со Државната комисија за спроведување на Конкурсот за упис на ученици во средните училишта и ученичките домови;
- изготвување извештаи за пополнети места по прво, второ и трето пријавување на Конкурсот за упис на ученици;
- одобрување на паралелки со помал број ученици од законски предвидениот минимум по добиено мислење од ресорното министерство;
- по потреба, изготвување предлози за дисперзија на паралелки во рамки на мрежата на средните училишта на Градот Скопје.

2. **Организирање и спроведување на бесплатен ученички превоз**

„Бесплатен превоз за сите ученици од средните училишта на Град Скопје“ е мотото на проектот во чии рамки ќе се обезбедат финансиски средства за бесплатен превоз на сите средношколци независно од одалеченоста на нивното место на живеење од училиштето во коешто учат. На овој начин се обезбедуваат еднакви можности на секој ученик за користење на бесплатен превоз при исполнување на своите наставни, но и воннаставни активности, обврски за следење на практична настава и вежби, на спортски активности кои се одвиваат во текот на целиот ден и во разни делови на градот. Истовремено со овој проект дополнително се олеснува товарот врз семејните буџети на сите ученици запишани во средните училишта на Градот Скопје. Во насока на исполнување на оваа цел Градот Скопје ќе ги преземе следните активности:

- Креирање бази на податоци за сите редовни ученици кои учат во јавните средни училишта на Град Скопје според оддалеченоста на нивното место на живеење од училиштето во коешто учат;
- Креирање одделни бази на податоци за учениците запишани во средните училишта на Град Скопје според оддалеченоста на нивните места на живеење од училиштата во кои учат;
- Изготвување упатства за евиденција на учениците коишто раководствата на училиштата ќе ги користат при обезбедувањето билети на учениците корисници на градски превоз и при избор на превозниците за меѓуградски превоз;
- Склучување Договор за вршење превоз на ученици со Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје и обезбедување месечни трансфери на средства до училиштата за трошоците за

меѓуградскиот превоз, врз основа на утврдени потреби на училиштата за време и по завршување на пандемијата;

**Извори на средства**

За непречено користење на бесплатниот ученички превоз од страна на сите ученици, освен средствата кои се дел од трансферите од централната власт, во Буџетот на Град Скопје за 2022 година, во Н2 програма за средно образование обезбедени се 42.000.000 денари како дополна на средствата од блок-дотацијата.

3. **Иницирање постапки за верификација на нови струки/профили и модуларни програми за доквалификација на кадри во согласност со актуелните барање на пазарот на трудот и високото образование, кои обезбедуваат еднаква вклученост на девојчињата и момчињата**

Во соработка со раководствата на училиштата и релевантните образовни институции во земјата  Градот Скопје ќе преземе мерки и активности за отворање нови образовни профили и струки во училиштата преку нивно соодветно планирање во предлог-планот за упис на ученици и обезбедувајќи соодветна стручна и финансиска поддршка. Воедно активно ќе ги поддржува сите активности на училиштата во креирањето на флексибилните модули за преквалификација и доквалификација на кадри и заинтересирани возрасни лица.

Втор приоритет

| **Ефективно управување со училишните буџети** |
|---|

Поаѓајќи од фактот дека процесот на буџетирање е еден од главните инструменти преку кои општината ги остварува своите законски надлежности во областа на локалното управување со образовниот процес, Градот Скопје во текот на 2022 година особено внимание ќе посвети на две цели и тоа:

- утврдување на приоритетите во образованието во форма на конкретна распределба на средствата по училиштата за задоволување на специфични потреби на секое училиште одделно и
- активно следење на финансиската состојба на училиштата со цел навремено репрограмирање на средствата или надополнување од основниот Буџет на Градот Скопје.

Во рамките на активностите за управување со училишните буџети во текот на 2022 година ќе бидат преземени постапки кои го структурираат буџетскиот процес и овозможуваат следење на неговата реализација. Во таа насока ќе се работи на зацврстување на процедурите и постапките кои овозможуваат активно учество на сите учесници во процесот, ја унапредуваат комуникацијата меѓу Градот Скопје и

училиштата, обезбедувајќи истовремено високо ниво на транспарентност при одлучувањето и утврдувањето на приоритетите. Процесот ќе ги следи четирите задолжителни фази на буџетирање:

- воспоставување финансиски планови на училиштата (подготовка на училишните буџети како дел од Буџетот на Градот Скопје)
- следење и контрола на начинот на кој се користат средствата (реализацијата на училишните буџети)
- приспособување на финансиските планови во текот на годината доколку за тоа се утврди потреба и неопходност (усогласување на училишните буџети) и
- на крајот од фискалната година изработка на преглед и контрола на завршната сметка (буџетско известување) во рамките на Буџетот на Град Скопје.

При финансирањето на оперативно-техничките расходи на училиштата Градот Скопје ќе продолжи со примена на воспоставената методологија за меѓуучилишна распределба на средствата од блок-дотацијата којашто се базира на историски податоци за реално остварените трошоци на училиштата и за висината на средствата со коишто се задоволуваат специфични потреби на училиштата поврзани со бројот на ученици и видот на образование што се остварува во тие училишта.

Во рамките на активностите за финансирање на платите на вработените во 23 средни училишта чиј основач е Градот Скопје ќе се врши континуирано ажурирање на податоците за човечките ресурси на училиштата. Врз основа на овие податоци Градот Скопје ќе ги изготвува прегледите за давање согласности за вработување на наставен и ненаставен кадар на определено време и предлози за трансформација на работниот однос од определено на неопределено работно време. Истовремено, истите податоци ќе бидат основа за изготвување предлози за распределба на наставните часови меѓу вработените во училиштата кои остануваат, потполно или делумно, без целосниот фонд на часови.

Трет приоритет

**Подобрување на безбедноста и инфраструктурните состојби на училишните објекти**

Во фокусот на третиот приоритет се инфраструктурни зафати со кои ќе се модернизираат физичките услови за работа во училиштата, ќе се подобри енергетската ефикасност на училишните објекти и ќе се унапредат безбедносните аспекти и комфорот на училишниот простор. За таа цел ќе бидат реализирани следниве проектни активности:

1. „Енергетско-ефикасни и еколошки училишта“:
   - Реконструкција на училишни згради, фасади, електрични инсталации, спортски игралишта и слични активности коишто генерално

придонесуваат во создавањето на енергетско-ефикасни училишта и унапредување на нивната функционалност.
- Промена на системите за затоплување на две средни училишта: замена на користењето на течно гориво со природен гас со што ќе постигне намалување на емисијата на штетни гасови и унапредување на животната средина во која се реализира воспитно-образовниот процес.

*За оваа намена средствата ќе се црпат од Буџетот на Град Скопје од потпрограма НБ ставка 481 во висина од 28.000.000 денари.*

2. Ангажирање на професионални агенции за обезбедување на имоти и лица со цел да се постигне засилено физичко обезбедување на членовите на училишната заедница и заштита на училишните објекти. Ќе се ангажира агенција која располага со хетерогена структура на вработени во однос на полот и етничката припадност.
*За оваа намена планирано е средствата да се обезбедат од Буџетот на блок дотации за средно образование.*

Четврт приоритет

**Креирање на воннаставни процеси и активности кои придонесуваат за добросостојбата на членовите на училишните заедници**

Преку креирање сопствена програма за воннаставни активности Градот Скопје ќе се насочи на непосреден начин да ги остварува своите законски надлежности за грижа и унапредување на општите состојби во училиштата, а во насока на демократизирање на училишниот живот. Се предвидуваат голем број проекти, презентации, натпревари, истражувања и други активности преку кои ќе се анимираат сите членови на училишната заедница и ќе се поттикнат да земат активна улога во креирањето на секојдневниот живот на училиштата и во создавањето на промени во согласност со сопствените потреби и визија за развој на училиштето. Ќе се промовираат пристапи кои спротивно на традиционалните поделби на улоги меѓу учениците и наставниците ќе поттикнуваат партнерство при решавање на проблемите и носењето одлуки за прашања кои се релевантни за младите.

Унапредувањето на севкупниот психосоцијален амбиент во училиштата треба да произлезе од конкретните мерки и активности кои ќе бидат превземени пред се во насока на :
- **справување со актуелните предизвици во воспитно-образовниот процес: унапредување на дигиталната писменост на сите членови на училишните заедници (наставници и ученици) и сл.**
- **справување со сајбер-насилството и креирање безбедни училишни средини за учење и развој**
- **едукација и промоција на здрави животни стилови кај младите во контекст на актуелните здравствени предизвици**
- **унапредување на животната средина**
- **истражувања и промоција на родовата рамноправност, ученичките права, слободи и развој на креативноста**

- **промоција на училишните постигнувања пред пошироката јавност**
- **почитување на различностите и унапредување на инклузивноста на образовниот процес**
- **унапредување на меѓуетничката интеграција и младинскиот активизам**
- **поддршка во организирање и учество во натпревари.**

***Се предвидуваат следниве проекти и активности:***

1. *Справување со актуелните предизвици на здравствената криза односно унапредување на дигиталната писменост на сите членови на училишните заедници* се наметнува како прва активност во четвртиот приоритет. Имено Градот Скопје фокусирано ќе ги следи потребите на училиштата во вонредните услови на нивното функционирање и во таа насока ќе оствари соработка со разни експертски организации и поединци кои можат да пружат стручна поддршка на училиштата за подобрување на дигиталните вештини и знаења на наставниците и учениците.

2. *Психосоцијална помош на членовите на училишната заедница за справување со разните форми на насилството, а во прв ред со сајбер-насилството кое станува актуелно за време на учењето од далечина*. Ќе биде обезбедена стручна поддршка за доследна примена на механизми и протоколи за постапување при појава на насилство и во услови на криза, како и промоција на позитивен вредносен систем. Овие активности треба да обезбедат континуитет на политиките на Градот за активно справување со безбедносните проблеми, кои добиваат различна појавност и бараат различни одговори и стратегии за нивно надминување. Крајната цел е создавање на безбедни училишни средини како основен предуслов за учење и развој на учениците.

3. *Едукација и промоција за градење на здрави животни стилови кај младите* преку јакнење на свеста кај средношколците и пошироката јавност за личната одговорност во заштитата на сопственото физичко, психичко и социјално здравје. Истовремено ќе се поттикнува соработката меѓу наставниците, учениците, стопанствениците и експертите и од областа на здравјето во реализација на конкретни активности кои ќе придонесат за градење на здрави животни стилови кај младите.

4. *Унапредување на животната средина* преку подигање на свеста на средношколците за личната одговорност во одржувањето на чистата и здрава животна околина. Преку соработка со разни експертски организации и поединци ќе се реализираат вонучилишни активности коишто се однесуваат на зголемување на зелените површини, рециклирање и

зголемување на јавната еко свест за потребата од активно вклучување во заштита на животната средина.

5. *Итражувања и промоција на родовата рамноправност, ученичките права, слободи и развој на креативност* - вклучување на средношколците во истражувања водени од стручни лица со цел нивно правилно сензибилизирање за состојбите во однос на правата на учениците во образовниот систем, нивните слободи, родовата еднаквост, толеранција и недискриминација и други важни теми кои се помалку опфатени со редовните наставни програми. Особено ќе се поддржат мултимедијални проекти и активности кои ќе ја поттикнат слободата на изразување и развој на креативниот потенцијал на младите од средните училишта.

6. Организирање манифестации на кои ќе се презентираат училишните постигнувања, ќе се промовираат најдобрите ученици и наставници и ќе се претстави воспитно-образовната дејност пред пошироката јавност.

   *За реализација на проектите и активностите на горепосочените теми под точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 обезбедени се средства во Буџетот на Градот Скопје во Н2 Програмата во висина од 2.500.000 денари и истите ќе бидат реализирани во соработка со невладини здруженија, фондации, експертски организации и правни лица кои ќе бидат ангажирани врз основа на постапка за јавен повик.*
   - Во рамките на *промоција за градење на здрави животни стилови кај младите(точка 3)* Градот Скопје ќе спроведе активности за набавка на бесплатни хигиенски производи за девојчињата во средните училишта на Град Скопје со што ќе се придонесе за намалување на проблемот со менструалната сиромаштија.

   *За оваа цел во Буџетот на Градт Скопје во Н2 Програмата се обезбедени средства во висина од 2.000.000 денари* .

7. *Почитување на различностите и унапредување на инклузивноста на образовниот процес* имаат централно значаење за постигнување на квалитетно образование за сите ученици, вклучувајќи ги и оние со попреченост, како и за развивање на инклузивни, мирољубиви и праведни заедници. Оттука определбата на Градот Скопје е со финансиска и логистичка поддршка да поддржи разни иницијативи кои го гарантираат правото на детето за образование врз основа на еднакви можности. Во таа насока е планирана реализацијата на проектите:

   *7.1.„Општинско-корисна работа“* има цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање како образовни асистенти на ученици со посебни образовни потреби кои следат настава во средните училишта на Град Скопје. Овие лица ќе бидат ангажирани на определено скратено работно време од страна на Град Скопје, и низ процесот на помагање на учениците тие ќе се стекнат со одредени вештини и конкурентност за вклучување на пазарот на трудот. За потребите на проектот Град Скопје склучува Договор со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и УНДП,

како и договор со лицата кои работно се ангажирани од страна на Градот Скопје. За ангажираните лица ќе се обезбеди паричен надоместок во износ од 9.000 денари (нето-износ по лице), средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје и од Буџетот на АВРСМ за оваа програма, кои УНДП ги трансферира до Градот Скопје. Дополнителен износ на средства се предвидуваат во Буџетот на Град Скопје за исплата на персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

*За спроведување на оваа потпрограмска активност предвидени се 1.500.000 денари во Н2 програмата за средно образование.*

*7.2.„Стипендирање на средношколци со попречености од средните училишта на Град Скопје“ е проект за* подигање на квалитетот на образованието на оваа категорија на ученици. Учениците со попречености од средните училишта на Град Скопје ќе бидат стипендирани врз основа на условите и критериумите утврдени со Правилникот за доделување на стипендии на средношколци со попречености-ученици во средните училишта на Град Скопје.

8. *„Унапредување на интеркултурализмот: Зборувам на јазикот на мојот другар и реализација на заеднички часови“* е проект во рамки на кој во средните училишта на Град Скопје ќе се организираат бесплатни курсеви за изучување на јазикот на својот другар, наменети за заинтересирани ученици и наставници, а ќе се реализираат и заеднички часови во рамки на редовната настава на ученици кои наставата ја следат на различен наставен јазик. За потребите на курсевите по македонски, албански и турски јазик ќе бидат ангажирани наставници (филолози) од средните училишта кои ќе бидат задолжени да изготват програми за курсевите, да утврдат динамика за одржување на часовите, како и да го координираат целиот процес на ниво на училиште (информирање на учениците и наставниците, формирање групи, утврдување место и време на одржување на часовите, потребна литература и сл.). Во зависност од епидемиолошката состојба во земјата курсевите ќе се организираат во училница или online, односно од далечина. Град Скопје со цел унапредување на меѓуетничката интеграција во училиштата логистички и финансиски ќе ја поддржи реаизацијата на заеднички часови по одредени наставни предмети во рамки на редовната настава на ученици кои наставата ја следат на различен наставен јазик.
9. *„Награда за најдобрите“* е проект во чии рамки ќе се обезбедат награди за првенците на генерација, за најуспешните наставници, како и за победниците на регионалните натпревари (скопски регион) во различни наставни дисциплини, како и за нивните ментори. Средните училишта на Град Скопје, по донесена одлука на Наставнички совет, ќе доставаат податоци за првенците на генерација до Секторот за образование, како и

податоци за најуспешниот наставник/ци во тековната учебна година, додека пак акредитираните здруженија за спроведување на натпревари ќе достават податоци за победниците на регионалниот натпревар во Скопски регион, како и податоци за нивните ментори. Целта е да се афирмираат учениците и нивните знаења пред пошироката јавност и да се реафирмира знаењето и училишниот успех како врвна вредност која го потврдува и ги стимулира развојот на младиот човек

*За спроведување на потпрограмските активности под број 7.2., 8 и 9 предвидени се 4.700.000 денари во Н2 програмата ставка 464 990 и истите ке се реализираат како директни трансфери на училиштата и на добитниците на стипендиите.*

10. *Град Скопје ќе обезбеди поддршка на училиштата во реализацијата на активности за меѓуетничката интеграција, за поддршка на надарени и талентирани средношколци, како и за унапредување на меѓународната соработка на училиштата*

- *„Поддршка на училиштата за реализација на активности за меѓуетничка интеграција“* е проект кој има за цел стимулирање на училишните заедници да градат и развиваат позитивни интеракции помеѓу учениците и наставниците од различни етнички заедници, како на ниво на самите училишта, така и во соработка со партнер училишта. Во рамки на овој проект ќе се поддржат активности кои ќе ги реализираат средните училишта, а кои се предвидени со Стратегијата и Акцискиот план за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанската вклученост. Град Скопје, меѓудругото, приоритет ќе даде на следниве училишни МИО активности:
  - o планирање и реализација на заеднички наставни часови во редовна настава.
  - o организирање младинска отворена дебата на ниво на средни училишта на Град Скопје
  - o презентација на најдобрите практики за МИО
  - o денови на интеркултура (ликовни колонии, изложба на фотографии, музички настани, поетски читања, хуманитарни акции, спортски турнири, креативни работилници)
  - o покренување на младински иницијативи од страна на училишната заедница
  - o мултикултурни и интеркултурни работилници, работилници за демократска партиципација, човекови права, права на детето, мировно образование.

Доколку епидемиолошката состојба во земјата не дозволува реализација на активности за меѓуетничка интеграција со физичко присуство на учениците и наставниците, Град Скопје ќе ги стимулира училиштата да планираат и реализираат активности од далечина односно користејќи информатичко комуникациски средства.

11. *„Поддршка на надарени и талентирани средношколци“* е проект за поддршка на талентирани и успешни ученици од средните училишта на Град Скопје кои учествуваат во значајни меѓународни и домашни научни и спортски натпревари, олимпијади и манифестации. Со овој проект ќе се демонстрира конкретна грижа и помош на патот на успехот на учениците кои остваруваат вонредни резултати во процесот на нивното образување и творење и ќе се охрабрат сите останати да ја изразат оргиналноста и уникатноста на нивната личност.

12. *„Поддршка на активности за меѓународна соработка“* со оваа потпрограмска активност се опфатени проекти, иницијативи и манифестации од обласста на меѓународната соработка на училиштата и тоа во делот на:
    - интензивирање на соработката меѓу училиштата од збратимените градови.
    - поврзување на учениците и училиштата од Градот Скопје со ученици, училишта и институции од други земји, како и во мрежи на меѓународни организации преку организирање и учество во натпревари, конкурси, манифестации кои имаат меѓународен карактер.
    - воспоставување соработка со домашни и странски експерти и организации на полето на унапредување на дигиталната писменост на учениците и наставниците.

За остварување на овие цели Градот Скопје ќе обезбеди:

- Логистичка и финансиска поддршка на училиштата за развивање на меѓународната соработка за активности од стручен и научен карактер со соодветни училишта, организации и фондации од регионот и пошироко, особено со земјите членки на Европската Унија.
- Поддршка (финансиска и логистичка) за организирање и реализирање на традиционалната размена на ученици од скопските средни училишта со ученици од збратимените градови Темпи (САД-Аризона) и Нирнберг (С.Р.Германија).
- Поддржување и поттикнување на средните училишта да аплицираат за добивање средства од европските и меѓународните фондови (Програмата Еразмус + и др.).
- Иницирање и воспоставување соработка со домашни и странски експерти и организации на полето на промоција и подигање на свеста за важноста на дигиталната писменост меѓу учениците и наставниците. Спроведување конкретни активности за подигање на дигиталните компетенции на учениците и наставниците преку овозможување на нивна сертификација.

Во активностите за меѓународна соработка ќе бидат вклучени стручните служби на Градот Скопје, претставници на невладиниот сектор и на релевантните владини институции, како и ученици, наставници и директори од средните училишта на Градот Скопје.

*За спроведување на потпрограмските активности под број 10, 11 и 12 предвидени се 1.900.000 денари во Н2 програмата и истите ке се реализираат*

*како директни трансфери до училишта, а врз основа на доставена документација од училиштата до Секторот за образование.*

13. *„Училиштата на Градот Скопје со отворени врати за универзитетите и факултетите за промоција на нивните студиски програми“* е проект чијашто цел е да им се помогне на матурантите во професионалното определување и изборот на студиските програми со кои ќе ги стекнат посакуваните стручни компетенции. Проектот овозможува поврзувањето и структурирана комуникација помеѓу универзитетите и средните училишта, во училишен амбиент или во on-line комуникација, прилагодена на здравствената криза, да се понудат одговори на голем број прашања кои си ги поставуваат учениците. Согласно нашите заложби за континуирано унапредување на квалитетот на образовните услуги сметаме дека на овој начин на учениците ќе им се овозможи полесно да одлучат за својата професија и да направат дистинкција помеѓу изборот и можностите.

Вкупниот износ на средства планиран во Буџетот на Град Скопје за 2022 година за реализација на активности од областа на средното образование изнесува **82.600.000 денари.**

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма.

Оваа програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје”.

**Број ______________**
**________________2022 година**
**С к о п ј е**

**С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е**
**K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ, KRYETAR,**
**Трајко Славески Trajko Slaveski**

### О б р а з л о ж е н и е

Програмата за активностите на Градот Скопје во областа на средното образование во 2022 година е изготвена согласно член 36 Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) согласно кој Советот на Град Скопје е надлежен да ја донесе програмата. Со предвидените проекти ќе се унапредат условите за работа во училиштата, ќе се овозможи квалитетен воспитно-образовен процес. Образовните институции во Скопје ќе станат места во

кои се почитуваат различностите и взаемната соработка и соживот. Дел од проектите опишани во оваа програма претставуваат продолжение на иницијативи и активности започнати во текот на изминатите години. Во 2022 година активностите продолжуваат во насока на зајакнување на улогата на Градот Скопје во средношколскиот образовен систем, промоција на родовата рамноправност во училиштата и целосно исполнување на превземените надлежности во сферата на средното образование. Воедно, одредени активости предвидени со Програмата се адаптирани согласно актуелната Ковид-пандемија во земјава, како и во согласност со сите законски мерки и протоколи за функционирање во услови на пандемија.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената програма.